# П О Н У Д А
# за саден материјал и откуп на ПАУЛОВНИЈА

Во светот постојат десетици видови од дрвото пауловнија (Paulownia), но повеќето од нив не се погодни за нашето климатско подрачје. Затоа ние се одлучивме да го понудиме хибридот *Paulownia Bellissia* кој е отпорен на ниски температури, а е добиен со метода на микро размножување (култура на ткиво), во ин витро услови. Освен сертифицирани садници со врвен квалитет, нудиме и загарантиран откуп на целокупното производство на *Paulownia Bellissia*.

***Paulownia Bellissia***
Претставува троен хибрид на *Paulownia Elongata* наменет за добивање квалитетна дрвна маса. Издржува ниски температури до -25°C. Исклучително брзо расте, така што една година после стимулативното отсекување, т.н. чепување (постапка што се прави во првата пролет по засадувањето), дрвото ќе достигне 5-6 m во височина, а пречникот годишно ќе се зголемува 3-4 cm. Најисплатливо е ако дрвото се исече после 8 до 9 години, зашто тогаш дава околу 1 $m^3$ дрвна маса. По сечењето дрвото повторно расте, така што во својот животен век има повеќе од седум циклуси на сечења.

Оптимално се сади на растојание 4 x 4 m (1 ha = 620 садници), за 8-9 години дава 465 $m^3$ дрвна маса.
Се сади и на растојание 5 x 5 m (1 ha = 400 садници), па така за 8-9 години ќе даде 400 $m^3$ дрвна маса.

На сите наши коопеᴘанти кои ќе подигнат плантажа од минимум 1 ha со наши садници Paulownia Bellissia, им гарантираме откуп на дрвото по цена 100 EUR за 1 $m^3$.

**Цена на саден материјал**
Без разлика на сортата и количината, цената на еден садник пауловнија изнесува 5 EUR.

**Нарачка на садниците**
Садниците за 2016 година се нарачуваат до крајот на декември 2015 година, така што се потпишува договор со БИОПЛАНТ и на неговата жиро-сметка се уплаќа учество од 50% од вкупната цена на садниците. Потоа започнува неколкумесечниот процес на производство на садниот материјал.

Остатокот од 50% се плаќа пред преземањето на садниците од нашиот магацин во Скопје, во мај-јуни 2016 година, по што се врши садењето.

При преземањето на садниците, ќе се добие фактура, сертификат и комплетна технологија за садење, одгледување и одржување на плантажата.

Минимална количина за нарачка на саден материјал е 10 садници.

Доколку садниот материјал се нарача по истекот на рокот (кој е до крајот на декември 2015 година), цената на садниот материјал се зголемува за 20% и од 01.01.2016 година цената ќе изнесува 6 EUR за садник.

Сите наведени цени се со вклучен ДДВ, а плаќањето се врши во денари, според продажниот курс на еврото на денот на фактурирањето.